ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 22.01.2018 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник Борјанчо Мицевски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски – заменуван од Иван Велиновски – Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет Биљана Тасевска, Советник за правни работи и застапување Мартин Николовски, Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски и Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

### Задолженија од Градоначалникот до Раководителите на Одделенија:

**Одделение за финансиски прашања**

Подготовка и отпочнување со постапки за присилна наплата на неплатени обврски по основ на даноци на имот и комунална такса.

Да се намали цената за одржување на јавна чистота во самиот Договор за јавна чистота склучен со ЈП Комуналец – Крива Паланка, а по претходно донесена Одлука за нејзино намалување од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Да се одржува постојан контакт со проектантската фирма и благовремен проток на потребните информации и податоци, со цел навремена подготовка на проектните апликации.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Да се утврди динамиката на разгледаните проекти за аплицирање преку Програмата за рурален развој и да се оствари контакт со Агенцијата за поддршка на руралниот развој.

Да се отпочне со подготовка на документи и иницирање на постапката за лоцирање на Сточниот пазар во с.Конопница.

Утврдување на локации за поставување на инфо – табли за поставување на некролози во рамките на урбаното градско подрачје.

**Одделение за човечки ресурси**

Да се подготви допис до Службата за заеднички работи при Владата на РМ и до Царинската Управа на РМ за смена на дотраени и искинати знамиња на граничниот премин Деве Баир и во делот на урбаното градско подрачје на територијата на Крива Паланка.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Дводневна посета на Општините Гнилане и Витина во Косово на ден 24 и 25 Јануари 2018 година и учество на заедничка средба во рамките на имплементацијата на заеднички проекти во делот на Програмата за прекуграничната соработка со Косово.

Проекти со Општина Дупница, Република Бугарија во делот на Програмата за прекугранична соработка со Република Бугарија за уредување на речното корито на Крива Река и пешачки патеки во самото речно корито и енергетска ефикасност во општинските училишта и други образовни институции.

Да се подготви и објави терк на апликација и јавен повик за доделување на финансиски средства на НВО секторот, со краен рок за нивна подготвка до 26.01.2018 година.

**Одделение за инспекциски надзор**

Отстранување на снег и урбани отпадни води од коловозите и тротоарите во урбаното градско подрачје и спречување на заледување на површините.

Иницијатива за поставување на буриња за отпад и потреба од нови контејнери на поедини локации во урбаното градско подрачје.

**ЈП Комуналец**

Чистење на тротоари.

Проект за добивање на возило преку Јапонска амбасада – докомплетирање на проектната апликација.

Отпочнување со активности за санација на потпорен ѕид на градските гробишта.

**ЛУ Градски Музеј**

Иницирање на постапка и отпочнување со потребните процедури за основање на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ и подготовка на потребната документација за реализација на оваа идеја.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**22.01.2018 година, Крива Паланка**